# Интеркултурна Компетентност

*Lily A. Arasaratnam*
DIRECTOR OF RESEARCH, ALPHACRUCIS COLLEGE, SYDNEY, AUSTRALIA

## Што е тоа?

Интеркултурна компетентност се однесува на ефективно и соодветно однессување при интеракции со лица од  други култури. Повремено, исто така познат како интеркултурна комуникативна компетентност, овој концепт е придружен со квалитети како способноста за емпатија, активно слушање, позитивен став кон луѓе од други култури, мотивираност за интеракција со припадници на други култури, флексибилност и подготвеност за учење од нови искуства.

## Кој го употребува овој концепт?

Поради неговата релевантност во широк спектар на контексти, интеркултурната компетентност е предмет на интерес на истражувачи во различни академски дисциплини, како што се комуникологијата, меѓукултурната психологија, лингвистиката, образованието и бизнисот. Во однос на практиката, интеркултурната компетентност е предмет на интерес и на луѓе од различни професии, како што се дипломати, наставници, деловни лица, едукатори, вработени во услужните дејности и креатори на политики. Значителна содржина за развој на теоријата на оваа тема е сепак сместена во областа на интеркултуралната комуникација.

## Соодветство со интеркултурниот дијалог

Интеркултурната компетентност е тесно поврзана со интеркултурниот дијалог бидејќи успехот на второспоменатиот зависи од нивото на интеркултурната компетентност на инволвираните лица. Без разлика на специфичниот исход на дијалогот, компетентните интеркултурни комуникатори многу веројатно е дека имаат корист од самиот процес на дијалог заради нивната способност да учат од искуството и да сочувствуваат со гледишатат на другите.

## Каква работа преостанува?

Истражувачите ја проучуваат интеркултурната компетентност од различни агли, користејќи квантитативни и квалитативни методи. Сепак, со зголемената глобална разноликост, природата на културниот идентитет се менува. Затоа, она што некогаш го подразбиравме под „ друга“ култура не е повеќе јасно како порано. Со други зборови, човечкиот културен идентитет станува покомплексен и нијансиран. Нашето разбирање за интеркултурна комуникација како такво треба да се прочисти, како и нашето разбирање за интеркултурна компетентност како ефективно и соодветно однесување во интеракциите со лица од „други“ култури треба да биде изнијансирано. Дополнително, истражувањата за



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.

интеркултурна компетентност од различни културни перспективи би го збогатиле нашето разбирање на овој концепт.

## Извори

Arasaratnam, L. A., & Doerfel, M. L. (2005). Intercultural communication competence: Identifying key components from multicultural perspectives. *International Journal of Intercultural Relations, 29*, 137-163.

Deardorff, D. K. (2009). *The Sage handbook of intercultural competence*. Thousand Oaks, CA: Sage.

*International Journal of Intercultural Relations, 13*(3), 1989 - special issue on intercultural communication competence.

Lustig, M. W., & Koester, J. (2012). *Intercultural competence* (7th ed.). Boston: Pearson Education.

**Преведувач: Емилија Јовановска**



Originally published in 2014; translated into Macedonian in 2020.